Бр./Nr. 12-1606/1
27 -05- 2025
_________г./v.

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на членот 22 ст. 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19) и членот 40 ст. 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на 18-тата седница одржана на 21.05.2025 година, ја донесе следната:

# ОДЛУКА

Пријавата со број 12-3158/1 од 17.12.2024 година, **СЕ ОТФРЛА** поради тоа што постапувањето е во надлежност на друг државен орган.

Предметот со број 12-3158/1 од 17.12.2024 година да се архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## Образложение

До Државната комисија од страна на непознат подносител на 17.12.2024 година, е доставен поднесок насловен како кривична пријава, без прилози, во која се пријавуваат повеќе лица за наводно преземени незаконски дејствија при регистрирање на Здружение на пензионери ----- со што сториле повеќе кривични дела „Фалсификување исправа“, „Измама“, „Давање на лажни податоци“, „Составување на исправа со невистинита содржина“, „Злоупотреба на службена положба и овластување“ и „Несовесно работење во службата“, по која во ДКСК е оформен предмет со број 12-3158/1 од 17.12.2024 година.

Кривичната пријава е доставена и до Јавното обвинителство за организиран криминал Скопје и Основно јавно обвинителство - Радовиш.

Со оглед дека пријавителот ја поднел кривичната пријава до јавното обвинителство како надлежен орган за кривичен прогон на сторители на

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

кривични дела, Државната комисија за спречување на корупцијата нема основ за понатамошно постапување, поради што одлучи како во изреката на оваа одлука.

**Заменик - претседател,**

**м-р Билјана Каракашова Шулев**

Изработил: П.Б, советник
Контролирал: Ј.Ц., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на Сектор
Одобрил: С.С.М, член на ДКСК